

***ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН***

*Од името на македонскиот народ и Македонската православна црква на свеченоста говореше архиепископот господин Доситеј кој, меѓу другото, рече:*

*„Пресвети и преблажени наш, преподобни оче Кириле,*

*Над гробот каде почиваат Твоите свети мошти, денес во овој миг се најдуваме ние потомците, чедата на народот од чии пизуви си излегол и Ти, преподобни оче Кириле Солунски, Се најдуваат чедата на.оној народ на чиј јазик си го направил најблагородниот и животворен чекор во просветувањето и зацврстувањето во верата Божја на словенските народи.*

*Овде во вечниот град Рим, дојдени од нашата Македоиија, која била удостоена од спасителната мисија и на св. Апостол Павле, се најдуваме ние преставниците на македонскиот народ и Црква. Тука сме ние наследниците на Вашите ученици и следбеници, на рамноапостолите и нашите светители и просветители св. Климент и Наум, охридските чудотворци.*

*Тука иад Твојот гроб дојдени сме да Ти се помолиме, преподобни оче Кириле, и скромно да Ти искажеме должна признателиост и благодарност. Зашто, Твоите молитви и просветителното дело се најзаслужните што, и Твојот македонски народ, заедно со другите Словенски народи, можеше да ги преброди тешките искушенија низ кои мораше да помине во својата макотрпиа иационална и црковна историја,*

*Додека ги изговарам овие зборови, чувствувам дека Ти, преподобни оче Кириле, со право ми го поставуваш прашањето: Зошто ова го чиниме со вакво големо задоцнување? Зашто се работи за доцнење од цела една епоха, 1.101 година од Твојата смрт?*

*Сакаме да Те увериме, преподобни оче Кириле, дека тоа не се должи на невниманието, непризнанието, уште помалку на неблагодарноста на Твојот народ. Причините за ова се исклучиво во тешкото и макотрпно мииато, низ кое македонскиот народ и светата Македонска православна црква мораше да помине. Требаше да помине повеќе од еден милениум на тешко ропство, за да, слава на Бога. на Вас свети браќа и наши патрони свети Климент и Наум и македонскиот народ да го огрее сонцето на слободата, а светата Македонска православна црква да го продолжи благородниот пат иа Светиклиментовата Охридска архиепископија, што беше неканонски и од иноверна власт прекината во кобната 1767 година.*

*Преподобни оче Кириле,*

*„Македонскиот народ дури пред четврт век, и тоа само во еден дел од својата сакана земја, се најде слободен. Оној народ на чии јазик, со Божјата промисла, Ти ги преведе првите книги на словенски јазик и со словенско писмо, народот на Светиклиментовиот древен Охрид, каде пред повеќе од илјада години работеше и првиот Словенски народен универзитет, низ кој поминале преку3.500 ученици, народот што има големи заслуги за просветата иа сите словенски народи, ја имаше најтрагичната судбина последен да се ослободи и со својот литературен јазик последен да влезе во ризницата на светската култура и цивилизација.*

*Меѓутоа, Те уверувам, преподобни оче Кириле, дека во тешките дни на. искушенијата, низ кои врвеше мојот народ и Црква, честите молитви што нечујно ги искажуваше кон Господа нашиот човек, беа упатени  и кон Тебе, кон Твојот брат св. Методија и Вашите ученици свети Климент и Наум, Сава, Горазд и Ангеларија. Преку Вас Спасителот, Господ Бог ги услиши нашите молитви и еве денес ние на глас Ве славиме и ја искажуваме нашата топла и срдечна благодарност..*

*Можеби ќе ни замериш преподобни оче Кириле, што на вака скромен начин ја искажуваме нашата благодарност. Те уверуваме дека е тоа честитата и срдечна интима што кон Тебе ја изразува Твојот македонски народ и Црква, Нека оваа скромна плоча биде само симболот на нашата безграиичиа почит и благодарност. А приклонувајќи се кон Тебе, ние Ти се молиме, како досега, така и во идиина да бидеш наш застапник пред престолот Господов. Едновремено со честита совест Те уверуваме дека македонскиот православен народ верен на своите претчеественици, е и ќе остане доследеи кон спасителното учење на Христовата вера.*



*Молебен на гробот на свети Кирил*

*Во оваа прилика не можам, а да не искажам голема благодарност и кон блаженопочиваниот св. отец папата Адријан II, што така својски Те прими кон крајот иа 867 година во Рим, како и на почитуваните ирски доминиканци, со чија заслуга и до денес се чувани Твоите св. мошти во овој Божји храм. Впрочем, тоа е должно внимание кон Тебе, преподобни оче Кириле, и заради тоа што со твоја заслуга моштите на свети Климент Римски деиес почиваат во овој свети храм.*

*Поставувајќи ја оваз скромна спомен-плоча ние чувствувте долг да изразиме признание и кон вечниот град Рим, што во неговите пазуви повеќе од 11 столетија почиваат светите мошти на равноапостолот и сесловеискиот просветител, на свети Кирил Солунски.*

*Приклонувајќи се во нашите божествени молитви пред Тебе, преподобни оче Кириле, Ти ветуваме дека доследно ќе го продолжиме патот кон спасението покој Ти, свети Методија, свети Кмимент и Наум нас не поведовте. Зашто и денес Твоето учење е исто толку, ако не и повеќе нужно на луѓето и народите, човекот да биде брат со другиот, а границите се' помалку да ги делат среќните и несреќните. Онака, како што Ти од Твојата татковина поjде во други земји и татковини да ги учиш луѓето и народите".*

*АМИН!*

*На крајот, Хорот на Скопската радио-телевизија исполни делови од „Ли-тургијата на св. Јован Златоуст’ од познатиот македонски композитор од XIX век, Атанас Бадев.*

***Продолжува***



***Пишува: СЛАВЕ КАТИН***